РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, I SHËRBIMEVE TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ME MBETURINAT KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ДО:

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ – Скопје, ул. „Лазар Личеноски“ бр. 11,

1000 - Скопје

ПРЕДМЕТ: ***Доставување на Одлука***

Почитувани,

Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во прилог на овој допис Ви ја доставува следната Одлука, донесена на седницата одржана на 01.2.2024 година:

- Решение за одобрување на назначување на службеник за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје - Мартин Јосифов.

Со почит,

Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Марко Бислимоски

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија

Примено:	08-02-2024		
Орг.единица	Број	Прилог	Вредност
20	403/1		

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

Rr. Maqedonia nr. 25, pallati Llazar Pop-Trajkov – kati i 6 • 1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
Qendra 02 3233-580 • Faks: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk

РЕПУБЛИЧКА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ
И УСЛУГИ ЗА УПР... КОМУНАЛЕН ОТПАД
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJISË, SHËRBIMEVE
TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT MBETURINAT
KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12 - 143 /2
01.02.2024
Скопје-Shkup

Врз основа на член 24, став (1), точка 2), алинеја 14 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) а во согласност со точка 7 од Програмата за усогласеност на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје одобрена со Решение бр.02-2212/1 од 16 ноември 2018 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 01 февруари 2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за одобрување на назначување на службеник за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

1. Се одобрува назначување на Мартин Јосифов за службеник за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје - одговорно лице за следење на Програмата согласно актите на друштвото.

2. Со ова решение престанува да важи Решението бр. 04-1404/2 од 05 август 2021 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 97 став (6) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Македонија“ бр.96/19) Операторот на електродистрибутивниот систем, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на ден 26 јануари 2024 година, со допис бр. 12 - 143/1, достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) предлог за назначување на Мартин Јосифов за службеник за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје - одговорно лице за следење на Програмата согласно актите на друштвото.

Во прилог на дописот достави кратка биографија за Мартин Јосифов, од која може да се утврди дека истиот има долгогодишно работно искуство во ЕВН Групацијата на повеќе работни позиции.

На ден 01 февруари 2024 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која се одобри назначување на Мартин Јосифов за службеник за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија

Примено:	08-02-2024		
Орг.единица	Број	Прилог	Вредност
20	403/1		

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

бр. 12-143/2
01 февруари 2024 година
Скопје

Претседател на
Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги
и услуги за управување со комунален отпад
на Република Северна Македонија

Марко Бислимоски